РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1973/5
17-10-2024

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на деветтата седница одржана на ден 09.10.2024 година донесе

***Одлука***

Постапката по предметот со број 08-1973/1 од 19.07.2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**
Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-1973/1 од 19.07.2024 година.
Предметот со број 08-1973/1 од 19.07.2024 година да се архивира.
Одлуката, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Предметот е оформен по сопствена иницијатива.

Државната комисија за спречување на корупцијата, од увидот во својата евиденција, констатира дека ____________________ на ден 28.05.2024 година е избран на функцијата пратеник во Собранието на Република Северна Македонија и дека во законски предвидениот рок по изборот на функцијата, не поднел изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.

ДКСК на ____________________ му издаде прекршочен платен налог број 08-1973/3 од 05.08.2024 година, за прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Од страна на именуваниот, во законски предвидениот рок е постапено, односно е платена половина од утврдената глоба утврдена во прекршочниот платен налог.

.

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: А.Ч., раководител на одделение

Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК